# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVIII Број 16 Куманово 15 декември 2023 г. | Претплата за 2023 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


**656.**

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/2019 и 14/2020 ), член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/2020 и 215/21 и 99/22), член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/2019, 267/20, 151/21 и 288/21 и 111/23), а во врска со член 61 став 3 и став 4 од Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/20), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 11/22), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-2746/1 од 22.03.2023 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 05/23) Општина Куманово (претставувана од градоначалникот Максим Димитриевски) од една страна и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Р.С. Македонија (претставуван од Претседателот Трпе Деаноски) и Синдикалната организација при Локална самоуправа на Општина Куманово, (претставувана од претседателот на синдикалната организација Дарко Станојковски), од друга страна, склучија:

**КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР**
**за изменување и дополнување на Колективен Договор за вработените во Општина Куманово**

**Член 1**

Во Колективниот договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/20), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 11/22), и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-2746/1 од 22.03.2023 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 05/23), по членот 25, се додава нов член 25-а и истиот гласи:

**„** (1) На вработените во Општина Куманово, заради специфичноста и одговорноста на работните задачи кои ги извршуват, а се однесуват на извршувањето на надлежностите на институцијата како најголема единица на локална самоуправа по бројот на населението во

Р.С.Македонија, и кои по својата специфика и обем се значително по сложени и поголеми во однос на останатите единици на локална самоуправа, им се зголемува бруто плата за 10%.

(2) Процентот на пораст на плата од ставот (1) на овој член ке се применува со исплатата на плата за месец Декември 2023 година.

**Член 2**

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.

(2) Овој колективен договор стапува на сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување на огласна табла на работодавачот и на веб страниците на потписниците.

**Синдикална организација при Општина Куманово Претседател Дарко Станојковски, с.р.**

**Синдикат на УПОЗ Претседател Трпе Деаноски, с.р.**

**Градоначалник на Општина Куманово Максим Димитриевски, с.р.**

**657.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1, член 116, став 1, алинеа 1 и член 118 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), а по поднесено Известување од вршител на должност директор на ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово под бр. 22-9289/1 од 20.11.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово, **Филип Колевски**, престанува по основ на лично барање;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.УП1-08-6955 од 27.10.2023 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1-08-6955 од 27.10.2023 година, Филип Колевски беше избран за вршител на должност директор на ООУ ,,Крсте Мисирков“ Куманово, со мандат до 6 месеци.

Од причина што досегашниот вршител на должност директор на ООУ„Крсте Мисирков“ Куманово, Филип Колевски, поднесе Известување до Општина Куманово, заведена во деловоден протокол на Општина Куманово под бр. 22-9289/1 од 20.11.2023 година, според кое поднесува оставка од работното место в.д. директор, како и согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 – 08 - 6955
24 . 11 . 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**658.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1, член 116, став 1, алинеа 3 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), а по поднесено Известување од вршител на должност директор на ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово под бр. 22-9289/1 од 20.11.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на**
**Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Гордана Грговска**, дипломиран професор по одделенска настава, наставник по одделенска настава во ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето и едно лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должност директор на основно училиште. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 7551
24 . 11 . 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**659.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1, и член 118, став 2 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**
**Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово**

1. Училишниот одбор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“, Куманово да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;
2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на основно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**3.** Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**4.** По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.

**5.** Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр.08 УП1 -7606
28 . 11 . 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**<u>СОДРЖИНА</u>**

**656.** КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР за изменување и дополнување на Колективен Договор за вработените во Општина Куманово.......................................... 639

**657.** Решение за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово............................................................. 640

**658.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово .................................. 641

**659.** Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово.................................. 642